Не се случило само она што не било во весниците
# ШТИПСКИ Глас
Штипски месечник
Број 152
Јуни 2025 г.
цена 20 денари,

**Симон Г. Поликарп - Џими:**

## Адамс и Анџело рекоа дека сакаат да живеат во Македонија



Quehenberger logistics
AKTIVA
ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА
Авто сервис Рибата

***Со Сашо ШАХИНОВ, штипјанец која 25 години живее и работи во Америка***



## Во Америка многу лесно се успева, уште полесно се пропаѓа

## „Д Фестивал“ најголемиот културолошки настан во поновата историја на Штип



**Александар ПАТРАКЛИСКИ, првиот човек на компанијата ЕАМ**



## Посветени сме на развојот, квалитетот и на општествената одговорност

## 1996 „најплодна“ во однос на кандидати за градоначалник на Штип

Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

Иван Бојаџиски



# 1996 „најплодна“ во однос на кандидати за градоначалник на Штип

1

Не сум сигурен почитувани читатели дали знаете дека токму оваа 2025 година е јубилејна во изборот на првиот граѓанин (градоначалник) на градот. Тука и сега само ќе нотирам дека годинава е 80 годишницата од денот кога Штип го доби првиот претседател на Општината, а тоа беше Боро Радев (1945 година). Од 1996 година таткото на градот има ново име – градоначалник. Сакам само да се соочиме со една дилема која и јас ја имам подолго време, а тоа е прашањето зашто ова функција го има називот „градоначалник“ што имплицира на фактот дека избраното лице е прво лице на градот, но не и на општината. Мене не ми стои логично кога некој ќе рече, а и ние во медиумите ќе напишеме„„Градоначалникот на Општина Штип“ затоа што општината не е град, па и не може да има градоначалник.

Но, тоа е дилема која многумина ја сметаат за небитна, водејќи се од основната премиса дека не е важно името на функцијата туку како таа се обавува-добро или лошо, во интерес на заедницата или во интерес на владетелот/владетелите. Тука можам да се сложам дека овој факт е најцврстиот аргумент во однос на довербата која ја дава полнолетниот народ, иако сметам дека држи вода и прашањето зошто функцијата се нарекува градоначалник, а не е со име кое ќе ја означува целовитоста на општината, на заедницата.

Сепак, тоа прашање не е приоритетно за овој мој поглед од мој агол.

Имено, се обидов да направам анализа на досегашните избори за нови локални власти со акцент на Општина Штип. Прелистувајќи ги старите весници се уверив во фактот дека најголем број кандидати за врвната општинска функција сме имале во 1996 година, а тоа е годината кога функцијата престана да се нарекува претседател на Општината туку доби ново име-градоначалник.

Во таа година, на првите демократски избори во самостојна Македонија, политичките парти кои ги имаше еден куп, предложија дури осуммина кандидати за градоначалник. Меѓу нив имаше искусни стопанственици, економисти, приватни бизнисмени, раководители на институции, доктори (без нив не поминува ниту еден избор) и, какво изненадување – една, прва и последна дама која се осмелила, или чија партија се осмелила да ја кандидира за врвната општинска функција!

Па, сметам дека е редно да ги споменам кандидатите и партиите кои стоеја зад нив.

Зад кандидатурата за познатиот стопанственик Ангел Шумански стоеше коалиција од три парти: Граѓанско либерална партија, Демократска Парија на Македонија и Работничка партија, зад кандидатурата на Миланчо Успрцов застана СДСМ, на д-р Томо Миташев – ВМР ДПМНЕ, Демократска Партија и МААК-конзервативна, зад Атанас Атанасов – Сојузот на комунисти на Македонија, зад Виолета Велкова – Социјалистичка партија, зад д-р Михајло Салтиров ВМРО-НП, зад Кирчо Бардаров –Либерална Партија и зад Енвер Цако-Комунистичка партија. Познат е фактот дека на локалните избори во 1996 година најмногу гасови доби д-р Томо Миташев, а ВМРО ДПМНЕ за првпат ја освои локалната власт во Општина Штип.

Годинава, барем за сега, имаме објавено две кандидатури на двете најголеми политички парти. Дали со свои кандидати ќе излезат и некои од помалите парти, односно дали ќе се осмели некој самостоен канидат ќе покаже времето кое е пред нас.

2

**Ангелов: За Штип тоа не е ништо ново**

Го замоливме познатиот актер Милорад Ангелов, кој има и убав стил на пишување, да пишува за весникот за културните настани во градот. За овој број на весникот Милорад ни подготви преубав текст за Д Фестивал, кој го нарече најголем културолошки настан во поновата историја на Штип, а кој ние го објавуваме, но остана еден мал дел кој е еден вид предупредувања за иднината, кој дел го издвоивме проади своето значење за нашиот Штип.

Овде имам една забелешка за која не можам да се помирам како Штип, градот расадник на урбана и рок култура, немаше свој претставник на ниедна сцена на Д Фестивал. Не можам да сфатам како нашите бендови од Штип не најдоа сила да се обединат и на своја домашна сцена да се промовираат. Но, за штипјани тоа не е ништо ново кога се работи за нив самите, е тука сме најслаби што од скромност, што од други причини ,но секогаш кога на Штип му се случува нешто убаво постајано сме во дефицит и нас не нема. И тоа не е случај само со музиката туку во сите сектори на општественото живеење. Како да имаме страв да ги земеме работите во свои раце, како да се плашиме од одговорност.

Искрено се надевам дека на следното издание ќе се појават на фестивалот и не само на Д Фестивал туку и на други настани од културното живеење (Макфест Астибо Jazz , Од А до Ш и други) и ќе не направат горди сограѓани затоа што знеме дека постојат, тука се, дека се прекрасни и докажани музичари,уметници.

Сигурен сум дека следното издание ќе не има и ќе уживаме во нивните настапи.И не само музичарите туку и актерите, уметниците и сите докажани културни уметници од Штип со своите перформанси. „Д Фестивал 2025“ беше успешен преод од едно место во друго – од Дојран во Штип, со промена на атмосфера, но без да се загубат вредностите на заедништвото, креативноста. Хуманитарниот аспект, богатата музичка програма и мултиетничкиот карактер го засилија позитивниот имиџ на фестивалот.

Следната година ќе треба да се надмине уште повисоко и да имаме уште подобро издание. Д Фестивал уште еднаш покажа дека еден град може да стане центар на регионалната сцена, ако има идеја, ентузијазам и љубов кон музиката, кон културата“, напиша Ангелов, а ние ги повикуваме сите штипјани кои сакаат да ни се придружат и да пишуват за весникот тоа без двоумење да го направат. За хонорар да не се секираат-хонорар нема, љубовта кон градот нема цена!.

# Адамс и Анџело рекоа дека сакаат да живеат во Македонија, јас само ја испочитував нивната одлука

**Пред 29 години во интервју за весник Симон Г.Поликарп рече дека иднината на неговите деца е во Нигерија, но тие останаа да живеат во Штип, во Македонија. Зошто?**



Симон Г.Поликарп-Џими е позната личност во Штип и Македонија. Луѓето го знаат по прекарот „Џими Црнецот",по неговата широка, добродушна ансмевка, по убавата култура на однесување, а ние го паметиме по едно интервју од пред 29 години за нашиот весник Панорама кога децидно кажа дека иднината на неговите деца е во неговата родна Нигерија. Но и по толку долг период се покажа дека популарниот Џими и целата негова фамилија си останаа да живеат во Штип, во Македонија. Зошто?

-Го паметам тоа интервју, го имам дома, и знам од збор до збор што кажав. Па 29 години се речиси половина од животот на човекот! За тоа време се изменија многу нешта како во Македонија така и во мојот живот.Тогаш Македонија беше на дното на економската ранг листа на Балканот и во Европа, а денес, благодарени на Бога, Македонија исплива високо на таа листа. Тоа доведе до промена на моите гледишта зашто животот стана подобар поради што јас, сопругата и синовите останавме тука да живееме. Но сакам да кажам дека моите синови се и Нигеријци но и Македонци, тие тука созреаја како личности па тие самите си носат одлуки, а нивната одлука беше дека сакаат да останат да живеат тука, вели Симон.Тој како родител ја почитувал одлуката на своите деца Адамс (34) и Анџело (33). Анџело работи како композитор, Адамс застапува глобална организација за намалување на сиромаштијата. И двете деца имаат успех во тоа што го работат, смета нивниот татко кој заедно со Адамс, како хуманитарци, работат на подобрување на животот на луѓето главно во нашите села.

-Како христијани наша работа е, преку невладина организација, да им помагаме на луѓето да изградат водоводи, во некои села им изградивме летниковци за да има каде да се собираат и да се договарат за селските активности, шест години по ред во дел од селата носиме семенски материјал за семејствата да имаат самоодржлив живот, сами да си обезбедуваат за живот. Помагаме во опремување на училишта, а за луѓето за кои сме заклучиле дека имаат имаат потенцијал за нешто повеќе ги поддржуваме финансиски преку обуки, вели несудениот рударски инженер Симон.

На есен се новите избори за локални власти па го прашуваме соговорникот која му беше целта кога се кандидираше за градоначалник на Штип и да ли има намера за нова кандидатура?

-Се кандидирав со поддршка на партијата Интегра која ја води човек кого го нарекувам брат, а кој е голем верник, голем христијан како и јас. И тогаш бев свесен за средината, за ситуацијата, за тоа каде живеам, позната ми е и културата на македонскиот народ, па добро знаев дека така мала партија без голема логистика во луѓе нема шански да даде градоначалник на град од форматот на Штип. Бев звесен дека мала партија не може да се бори против двете големи партии и да успее. Успехот не зависи од квалитет на кандидат туку од капацитет на политичките парти за кои се одлучува. Среќен сум и не жалам за учеството во изборите, а публицитетот ми помогна во реализацијата на програмата која јас ја работа. Но, беше еднаш и никогаш повеќе....

Бараме мислење од нашиот Џими за тоа дали Штип се развива квалитетно..

Во последните години Штип си го најде природниот тек на својот развој.Сметам дека е тоа заслуга на актуелниот градоначални Иван Јорданов и на Општинскиот совет. Нашиот град по многу параметри е пред многу други градови во Македонија и јас како негов жител сум горд на тоа. Штип има уште простор да напредува, а новиот градоначалник треба само да ги дуплира остварените резултати.

Да ли во изминатите 30 години Симон бил во родната Нигерија да си го види големото семејство?

-Во месец декември почина мојата мајка. Три месеци пред тоа, кога таа беше болна,посакав да одам и да ја видам. Но таа отсечно ми рече: „Дете мое ти можеби ќе можеш да дојдеш, ама не сум сигурна дека ќе се вратиш кај твоето семејство во Македонија". Таа беше загрижена за мојот живот бидејќи во Нигерија имаше многу насилство и таму ништо не беше сигурно, вели Симон. Таа ми рече дека семејството таму е среќно што сум во земја спомната во Библијата, а за афричките христијани Македонија е свето место.

Џими го нема многу низ градот. Вели дека има премногу работа, учествува на светски конференции, некаде како предавач, некаде како учесник. Тие конференции се за христијанството, тоа се донаторски конференции на кои добиваме донации од христијански организации со сродни мисии во Европа со кои донации помагаме на луѓето во Македонија.

**Со Сашо ШАХИНОВ, штипјанец кој 25 години живее и работи во Америка**

# Америка е чуден експеримент, многу лесно се успеава, уште полесно се пропаѓа

Штипјанецот Сашо Шахинов (53 години) пред 25 години замина за Соединетите Американски Држави каде и денес живее во Минеаполис во државата Минесота со сопругата Катерина која по професија е електро инженер-програмер и синот Петар кој има 23 години. Минеаполис е споен со главниот град на државата Сент Пол, а овие градови се познати и како близначки градови со 3,2 милиони жители. Со Сашо разговараме за начинот и причините поради кои тој заминал во ветената земја, за разликите во животот таму и тука, за нашинците, пред се за штипјани таму и слично.

**Г-дин Шахинов, како се случи Вашето одење во Америка?**

-Моето одење во САД беше повеќе од авантуристички одколку од материјално-егзистенцијални побуди. Во тоа време јас имав работа и тука, во Штип, работев во тогашен Прогрес инженеринг како инженер во оператива, а истовремену му помагав на татко ми во семејниот бизнис. Мојата сопруга Катерина, исто така штипјанка која е електроинженер-програмер по професија исто така имаше работа во Штип. Ние за Америка отидовме после шест месеци од нашата свадба, практично заминавме на свадбено патување за да ја видиме земјата но без намера да останеме таму да живееме. Но, токму тогаш во Македонија се случија предвидени и непредвидени работи, почна војната во Западна Македонија и така останавме подолго таму, а тоа подолго трае веќе 25 години, вели Шахинов и додава дека синот Петар им се родил во Америка.

**Како ви течеше работата во Прогрес инженеринг?**

-Тогаш Иле Николов, денешниот сопственик на Актива доо беше генерален директор на Прогрес инженеринг, а јас како вработен инженер со колегите ги градевме фабриката за масло Брилијант, резервоарите на Лукоил во кругот на Брилијант, и поголем број слични објекти во кругот на Македонка. Работевме напорно за да ги спазиме роковите, работевме како екипа и квалитетно, а дека тоа било така говори фактот што сите тие објекти си ја вршат функцијата и денес.

**Кога практично заминавте за Америка и имаше ли некој познат да ве пречека во Минеаполис?**

-Ние првин слетавме во Чикаго, беше тоа во 1999 година. Таму имаше луѓе од Штип со кои се познавав. Тие не пречекаа, потоа изнајмивме стан и така започна нашата американска приказна. Сакам да кажам дека за разлика до тогаш денес во Америка, а посебно во Чикаго, има илјадници Македонци, меѓу кои и огромен број штипјани. Сите тие во Америка се дојдени во последните петнаесет години, а кога доаѓале во економски најразвиената држава на светот биле на возраст од 20 до 40 години.



*Сашо Шахинов*

**Да позборуваме малку за американскиот начин на живот. Се вели дека во Америка работа можеш да бираш, ја има насекаде, во многу сектори, па одтука моето прашање дали е тоа баш така и што Вие прво почнавте да работите таму?**

***ЖИВОТОТ ТАМУ: Таму животот е многу динамичен и поразличен од тука. Почнуваш со работа од 7-8 часот наутро, се враќаш дома во 18-19 часот попладне па додека се вратиш во топлината на домот, и додека се видиш и поразговараш со семејството, денот веќе ти поминал. Преку недела времето ти е огрничено и воопшто немаш време за дружење. Викендите се со повеќе време за другарување, за кафе со пријателите....***

-Видете, денешна Америка е многу поразлична од Америка во која јас почнав пред 25 години. Тогаш навистина имаше многу работа, напросто можеше да бираш каде и што ќе работиш, во тие години, ако во еден ден останеше без работа веќе наредниот ден можеше да си најдеш работа на друго место, но денес тоа повеќе не е така. Имено, глобализацијата си го зема данокот при што страдаат работните места во САД. Сакам да потенцирам дека милиони работни места во металопреработувачката и автомобислката индустрија се преселија во Мексико и Кина па во тие сектори денес е тешко да се најде работа. Сепка, би се скогласил со Вашата констатација дека работа има на секаде, но поголем дел од компаниите кои вработуваат бараат вештини, способности, квалификации...

**За нас во Штип посебно интересно е прашањето како се случи да се вработите во Фаст Глобал, голема светска компанија, и како таа американска компанија оствари деловна соработка со штипска Актива доо? Дали во оваа приказна има и Ваш придонес да се најдат Актива доо и Фаст Глобал?**

-Владата на премиерот Груевски инвестираше многу во кампањата „Инвестирај во Македонија“ и за време на таа кампања во Македонија се отворија многу индустриски зони во кои се градеа индустриски капацитети кои функционираат и денес. Во зоните има многу странски фабрики кои придонесуваат за вработеноста и извозот од Македонија. За време на таа кампања, Актива, како водечка фирма во металопреработувачката индустрија во Македонија се спои со Фаст Глобал и така започна иницијалната соработка. Откако се реализира соработката јас се појавив како човек кој требаше да го имплементира договореното па така настана спојот помеѓу мене, Актива и Фаст Глобал.



***Шахинов (десно) работно со Иле Николов во халите на Актива доо***

**Кој и за што беше договорот во рамките на таа тријада?**

-Договорот беше Актива Штип да произведува приколки за аеродромска логистика од портфолиото на Фаст Глобал за потребите на клиентите во Европа но и на Средниот како и на Блискиот Исток. Јас бев тој кој со помош на Актива го префрливме целото знаење на Фаст Глобал во Македонија, ги префрливме и поставивме производните линии на Фаст во Актива и така тргна успешната приказна, па денес Актива произведува приколки за Фаст Глобал кои се продаваат и можат да се видат на аеродромите низ цела Европа и на Средниот како и на Блискиот Исток. Мојата работна позиција е оперативни и проект менаџер за Фаст Глобал за клиенти во Европа и на Средниот и Блискиот Исток.

**Ова лето сте во Штип, работно секој ден сте во Актива доо, што работите кога сте во родното место, и посебно кога на сте во Актива?**

-Јас живеам на релација Европа-Америка. Во Штип сум на секои два месеци. Работата ме обврзува да правам обиколки на клиентите и на Актива, па така често сум во родниот Штип. Кога не сум во Актива денот го поминувам во штипската чаршија на кафе во Урбаниста, во дружба со семејството, пријателите, во убави муабети со родителите.

***ВЕТЕНА ЗЕМЈА: Америка се смета за „Ветена земја“ поради тоа што таму луѓето имаат полесен пристап до капитал и полесно почнуваат да ги остваруваат своите визии и идеи. Во САД има премногу банки, мали, средни, големи, кои што на различен начин го менаџираат и проценуваат ризикот спрема своите клиенти, а тоа е начин луѓето полесно да дојдат до кредити и капитал неопходен за да започнат бизнис или да купат дом за себе и семејството.***

**Искрено, согласно Вашето искуство, за кого Америка може да биде ветена земја, односно кој таму од нашите луѓе може да успее...**

-Америка е многу чуден експеримент. Таму многу лесно се успеава, а уште полесно се пропаѓа.Успехот зависи од личните амбиции на секој поединец. Според моето искуство, за успех во Америка, па и било каде на друго место во светот, најважно е да се има идеја, да се биде упорен, и пред се да се биде подготвен да се превземе ризик. Без ризик нема успех. Лично мислам дека Америка се смета за „Ветена земја“ поради тоа што таму луѓето имаат полесен пристап до капитал и полесно почнуваат да ги остваруваат своите визии и идеи. Во САД има премногу банки, мали, средни, големи, кои што на различен начин го менаџираат и проценуваат ризикот спрема своите клиенти, а тоа е начин луѓето полесно да дојдат до кредити и капитал неопходен за да започнат бизнис или да купат дом за себе и семејството. Тоа е една од главните причини поради што процентот на успех на луѓето во Америка е многу поголем од секаде на друго место во светот и затоа таа се нарекува „Ветена земја“. Тој сон го живеат и многу млади од Македонија кои во последните 10-15 години се населија во Америка и тие таму се многу успешни.




**ШТИПЈАНИ: Сакам да кажам дека за разлика до пред 25 години кога јас и сопругата заминавме за Америка денес во оваа земја, а посебно во Чикаго, има илјадници Македонци, меѓу кои и огоромен број штипјани. Сите тие во Америка се дојдени во последните петнаесет години, а кога доаѓале во економски најразвиената држава на светот биле на возраст од 20 до 40 години.**

**Која е разликата во животот таму и тука?**

-Таму животот е многу динамичен и поразличен од тука. Почнуваш со работа од 7-8 часот наутро, се враќаш дома во 18-19 часот попладне па додека се вратиш во топлината на домот, и додека се видиш и поразговараш со семејството, денот веќе ти поминал. Преку недела времето ти е огрнаичено и воопшто немаш време за дружење. Викендите се со повеќе време за другарување, за кафе со пријателите....

**На крајот од интервјуто, кажете ни нешто за Фаст Глобал во кого вие подолго работите?**

-Фаст Глобал е една од водечките компании во светот за производство на опрема за аеродромска логистика и за опрема за транспортната логистика. Во портфолието за аеродромската логистика произведуваме колички /приколки за транспорт на карго превоз од авион до хангар, колички за превоз на патнички багаж од авион до авионски терминал, скали за симнување на патници од авион до терминалите и многу други придружни елементи кои се користат во авионските терминали.Во портфолието на транспортна логистика произведуваме целокупна опрема на магацински и царински терминали по аеродромите, почнувајќи од бесконечни ленти, автоматски ленти за пакување и сортирање и друго.

Инаку, Фаст Глобал е сто проценти во сопственост на нас вработените. Компанијата има кампус во Америка, главниот кампус се наоѓа во Гленвуд Минесота, а останатите два во Небраска. Во компанијата работа 450 работници, со вкупен обртен капитал од 130 милиони долари годишно.



***Колички за светските аеродроми***

# Во индустриската зона есенва ќе се гради фабрика за производство на батерии

Технoилошката развојна зона во Штип ќе стане побогата за уште една фабрика. Премиерот Христијан Мицковски изјави дека токму во нашата индустриска зона ќе се гради фабрика за производство на батерии во која работа ќе има за околу 150 лица.

Според премиерот, инвеститорот за кој не се дадени информации од каде доаѓа, во новиот индустриски капацитет ќе вложи 36 милиони евра.

-Очекуваме есенва да биде поставен камен темелник на новата инвестиција во индустриската зона во Штип. Станува збор за фабрика која ќе вработи до 150 луѓе и во која ќе бидат инвестирани околу 36 милиони евра, рече премиерот.

Претседателот на Владата не прецизира чија е инвестицијата и од која држава доаѓа инвеститорот, но само кажа дека станува збор за фабрика за производство на батерии, чиј инвеститор доаѓа од земја од Европската Унија.

-Во разговор со директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, информиравме дека имаме нова инвестиција која е потврдена во индустриската зона во Штип, а која во својот пик за три години од денеска ќе извезува производи во вредност од 300 милиони евра, кои ќе влезат во БДП на Македонија. Ова е веќе договорено со инвеститорот, рече Мицкоски на средба со новинарите во Скопје.

Во однос на проекциите поврзани со економскиот раст на Македонија, Мицкоски одговори дека се работи на оваа тема, посочувајќи дека резултатите во рамките на Адриа регионот се добри и се надева дека и во вториот квартал вака ќе продолжи.


Индустриска зона Штип

-Со Министерството за финансии сме на истиот став, во однос на она што се предвидува. Работиме силно на таа тема. Добри се резултатите во рамките на регионот на Адриа. Конечно после години стагнација и цврсто заковани на дното, сега сме први. За многу кратко време се консолидираат работите. Позади нас се Хрватска со 2,9 проценти, Босна и Херцеговина, Црна Гора па се до Словенија. Се надевам дека и во вториот квартал така ќе продолжи. Првите индикатори од април и делумно од мај се во таа насока, така што тоа би претставувало еден добар тренд и тоа значи дека конечно се консолидираме, рече Мицкоски.

# Еден тераватт електрична енергија годишно

Алказар енерџи“, одржлив инфраструктурен фонд со седиште во Луксембург кој е фокусиран на проекти за обновливи извори на енергија со советодавен тим со седиште во Обединетите Арапски Емирати, е инвеститорот што ќе го гради ветерниот парк на подрачјето на општините Штип, Радовиш и Карбинци, на кој камен темелникот го постави премиерот Христијан Мицковски, а на чинот беше присутен и министерот за транспорт и врски ....Николовски.

- „Тоа што за нас е најважно тоа е дисциплината при работа. Ние денес ги поставуваме темелите со нашите партнери на проектот кој ќе изнесува над 500 милиони долари, ќе создаде 600 нови раaботни места и чиста средина“, рече на настанот Даниел Калдерон, коосновач и управувачки партнер во Алказар Енерџи.

„Со поставувањето на камен темелникот на најголемиот ветен парк се предвидува Македонија да биде лидер на производство на зелена енергија на Балканот. Придобвиките од овој проект ќе бидат многубројни како за општините така и за државата. Новата странска инвестиција во обновливата енергија значи нови работни места, чиста животна средина и производство на зелена електирчна енергија. „После една година тоа што тогаш го ветивме денеска добива завршница. Завршница на првата фаза. Тогаш најавивме инвестиција во обновливата енергија вредна половина милијарда долари.“ – посочи премиерот Христијан Мицкоски.



**Александар ПАТРАКЛИСКИ, првиот човек на компанијата ЕАМ**

# Посветени сме на развојот, квалитетот и на општествената одговорност



Александар Патраклиски е првото лице на компанијата ЕАМ која за 34 години постоење направи импозантен развој и се пројави како најсилна општествено одговорна компанија. За тоа како почна успешната приказна, за сегашноста и иднината, разговараме со Александар Патраклиски кој и самиот е еден вид заштитен знак на ЕАМ.

**➢ Г-дин Александар, новинарите од 11 општини во Источниот регион едногласно одлучија на Вашата фирма да и го доделат признанието за најдоброто од Истокот во сверата на стопанството за 2024 година. Колку Вам ви значи едно вакво признание,**

-Секое признани за нас има подеднакво значење, а истите се потврда дека сме на прав пат и дека нашето работење веќе 34 години не останува неабележано како на деловно финансиски успеси и раст на компнијата така и како најголема опшестевено одговорна фирма во нашиот град и пошироко.

**➢Да ни кажете како почна Вашата приказна?**

-Ние започнавме да го создаваме ЕАМ во 1991, а тоа е времето со почеток на пропаѓањето на тогашните текстилни гиганти Македонка и Астибо. Првиот храбар чекор го praват Виолета и Коле Патриклиски и заедно со мене одпочнавме со работа во просторот на семејната куќа со машини од сопствено производство за сито печатење и еден комјутер кој во тоа време беше мегу првите и најдобри во Македонија за графички дизајн, за додека денес, после 34 години, фамилијата на ЕАМ има 320 члена и располага со најнов машински парк и технолија за производство на трикотажни материјали и трикотажни готови производи со нивно финално обликување односно печатење и везење за чиј квалите гарантира Германски институт.

**➢Кој го осмисли концептот на Вашиот развој?**

-Развојот на ЕАМ е спој на искуството што што до тогаш го имаше мојот татко, трудот на мојата мајка, мојата пргавост, максималното залагање и посветена работа, и сето тоа придонесе да стигнеме до нивото на кое сме денес. Ние денес преставуваме едиствена вертикална компанија за производство на трикотажни производи на Балканот и пошироко, и денес, заедно со мојата сопруга Марија Патриклиски и моите синови Никола и Филип Патриклиски ја трасираме иднината на ЕАМ

**➢Кога го купивте првиот деловен простор во Македонка, со колкав број работници почнавте, која ви беше технологијата...**

-Првата услуга која ја нудевме беше дизајн и печатење на најразлични хартиени и текстилни производи, но потоа се фокусиравме само на сито печатење и производство на текстилни производи но со увозен материјал со кој минувавме на Македонскиот пазара но не и на Европскиот. Тој факт ни покажа дека е неминовен следен чекор кого го направивме во 2006 година кога купуваме простор во поранешната фабрика Македонка со површина од 3000 м2 каде и одпочнуваме со комплетно сопствено производство на трикотажни материјали па се до финален производ. Тогаш имавме околу 80 вработение и скромен машински парк, а во 2019 година се одпочнува со изградба на новата фабрика на парцела од 22.000 м2 и покриен простор на крај од 14.000м2, во 2020 година се одпочнува со инсталирање на првите капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори, а кои денес имаат капаците од 7МВ што е многу, многу повеќе од колку што е потребно за покривање на сопствената потрошувачка

**➢Ни се чини дека многу бргу станавте компанија-бренд во вашата област зашто ЕАМ започна да работи и за странски држави, прво за држави од екс Југославија, а потоа и за европски држави...**

- Така е. Нашата стручност, нашиот квалитет, иновативност, чесноста, отворениот пристап и фер однесувањето со нашите партнери придонесе за брзиот развој и етаблирањето на европскиот пазар.

**➢Со каква технологија денес располага ЕАМ?**

-Во производството користиме најнова технологија која е безбедна за работа и допринесува за ми-

намална потрошувачка на енергија, со максимална заштита на животната средина, а воедно крајниот производ има врвен квалитет и ги задоволува сторите критериуми на нашите партнери

**➢Едно време се обидовте да го вратите памукот на нашите ниви, се чини дека не успеавте да ја реализирате убавата идеја, што сакавте да постигнете со таа идеја и зошто со неа не се успеа?**

-Како што и целиот наш развој се темели на желбата да не зависиме воопшто од друг, а во 2010 година цената на памукот драстично се зголеми, дојдов на идеја да отпочнеме со садење на памук, односно да го вратиме на Македонските ниви по цели 40 години, но сега со најсовремена механизација и тоа на површина од 50 хектари. Памукот успешно го садевме 3 години но по затворањето и на последната предилница во Грција каде што се преработуваше во предиво моравме да го стопираме овој процес, па памучното предиво е единствената суровина која моментално ја купуваме од Индија, но се надевам дека во скора иднина истото ќе биде македонско...



Во халите на ЕАМ

**➢Колкав е вашиот обем на производството?**

-Произведуваме околу 1.200.000 маици, поло маици и дуксери и тоа за најголемите гиганти во автомобилската и авио индустрија како што се Мерцедес, БМВ, Ауди, Порше, Тесла, Волксваген, МАН, Гудјеар, Мишелин, Бош, Ербас како и гигантите во прехрамбената индустрија и мало продажба Кока кола, Нестле, Хајникен, Шпар, Икеа, Туш, Глобус, В-марк, Конзум, Томми, Керфур, ДМ, Карловачко, ИНА, ХЕП, Т хоме и многу многу други клиенти насекаде низ Европа, а и најдобрите компании од земјава се наши долгогодишни партнери како што се Макпетрол, Телеком, А1, Силбо, Витаминка, Комерцијална Банка, Актива, Ефтинија импекс, Адиент, Кипер, ЛТХ и многу други...

**➢Важите за општествено одговорна фирма какви што многу ги нема во градот...што помагате во Штип ?**

-Не само во Штип туку во цела Македонија и многу пошироко и тоа во повеќе свери и тоа во образованието секоја година подаруваме маички за сите провооделенчиња во нашата општина, ги помагаме сите млади таленти за учество на натпревари во земјата и странство, обезбедуваме основни средства за функционирање на ликовното друштво Ацо Шопов, обезбедуваме опрема за училишниот спорт за сите школи како и постојана подршка на текстилното училиште Димитар Мирасчиев, во културниот живот горди спонзори на манифестациите, Охридско лето, Штипско културно лето, Макфест, Пастрамалијада, спонзори на многу претстави, филмови, изложби и концерти, во спортот подршка за сите клубови во нашата општина како и клубови кои ја преставуват нашата земја во светото како што е РК ВАРДАР, нашите нај добри тркачи Игор Стефановски Ице, Христијан Бузалковски,подршка на сите спортски федерации како и маратоните во нашиот град  и пошироко, во медицината со купување на нај различна опрема, опремување на просториите за лекување како и со наши прозводи како дел од униформата за медицинските лица, подршка на скоро сите здруженија на граѓани од разни свери, противпожарни друштва, еколошки проекти и здружениа, подршка на разни инфраструктурни проекти како и подршка на индивидуални случаеви каде што е потребна помош, а нај голем приоритет ни се нашите вработени и нивните тековни потреби..

***Нашата стручност, нашиот квалитет, иновативноста, чесноста, отворениот пристап и фер однесувањето со нашите партнери придонесе за брзиот развој и етаблирањето на европскиот пазар.***

**➢Како е проектиран Вашиот развој, на што ќе се насочите во иднина?**

-Планот за следните години е да се заврши со изградбата новата фабрика и да се направи комплетна преселба, а притоа да не се стопира производствениот процес ниту еден ден, а во чиј склоп ќе има оддел за изучување на производствениот процес, научно истражување на нови суровини, технологии и креирање на нови модни трендови, а истиот ќе биде од отворен тип за сите млади креативци, таленти од земјата и надвор. Во текот на оваа година треба да стартува со работа нашата веб продавница за да може нашите производи да бидат достапни и за широка потрошувачка во цела Европа.

# Избор на декани на факултетите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – 9:5 за женскиот свет

***Избрани се декан(к)и на 14 факултети и две академии, доминираат жените, а шестмина од избраните се од Штип***

Во демократска атмосфера и преку тајно гласање членовите на наставно-научните совети гласаа за избор на декани во своите единици, односно факултети. Од Универзитетот информираа дека се избраа следниве професори за декани на единиците/факултетите:



***Дел од професорската екипа на УГД***

➲Земјоделски факултет – проф. д-р Емилија Арсов

➲Електротехнички факултет – проф. д-р Тодор Чекеровски

➲Технолошко-технички факултет – проф. д-р Соња Јордева

➲Машински факултет – проф. д-р Сара Сребренковска

➲Факултет за информатика – проф. д-р Сашо Коцевски

➲Факултет за природни и технички науки – проф. д-р Ѓорѓи Димов

➲Факултет за медицински науки – поради изедначеност во гласањето процедурата за избор на овој факултет ќе продолжи по годишните одмори

➲Економски факултет – проф. д-р Марија Гогова-Самоников

➲Правен факултет – проф. д-р Билјана Тодорова

➲Филолошки факултет – проф. д-р Луси Караниколова

➲Факултет за образовни науки – проф. д-р Трајче Стојанов

➲Факултет за туризам и бизнис логистика – проф. д-р Наташа Митева

➲Музичка академија – проф. д-р Златка Митева

➲Ликовна академија – проф. д-р Слободан Милошевски

➲Филмска академија – проф. д-р Адријана Данчевска.

Шестмина од 14 избрани декани се од Штип, односно живеат во овој град. Тоа се проф. д-р Емилија Арсов, проф. д-р Тодор Чекеровски; проф. д-р Соња Јордева; проф. д-р Ѓорѓи Димов; проф. д-р Марија Гогова-Самоников и проф. д-р Трајче Стојанов.

Процедурата за избор продолжи со потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат и Ректорската управа, а примопредавањето на мандатот ќе се случи на 15 септември, до кога и трае мандатот на актуелните декани. Шест декани добија реизбор, а останатите организации избраа нови раководители на институцијата.

Не е избран декан само на Факултетот за медицински науки. Во првиот круг од шестмина пријавени кандидати никој не го доби потребниот број гласови, а во вториот круг влегоа двајца од кандидатите кои имаа најголем број од гласовите но никој од нив не освои доволен број гласови. Согласно Статутот на УГД ректорот на Универзитетот проф.д-р Дејан Мираковски ќе назначи в.д.декан на овој факултет, а на новиот избор на есен шестмината претенденти кои се беа пријавиле за деканската позиција немаат право одново да се кандидираат. Инаку, Факултетот за медицински науки има најголем број студенти меѓу сите факултети и академии на Универзитетот и има најголем број професори, околу осумдесет.

Постапката за избор на декани ја потврдува посветеноста на УГД на демократските вредности и инклузивност при начинот на носење одлуки.

Од текстот може да се види дека во изборот на деканите доминираат жените со резултат 9:5 во полза на женскиот свет на Универзитетот „Гоце Делчев“.

# За следната академска година на Универзитетот „Гоце Делчев“ има 2.168 слободни места за редовни студенти

Проф д-р Мишко Џидров, проректор за настава и студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ ги повика матурантите да се запишат на овој универзитет во првиот уписен рок, кој ќе се одржи на 20, 21 и 22 август.

-На УГД постојат бројни можности за кофинансирање и ослободување од плаќање партиципации за поголем број од студентите, рече проректорот Џидров и додаде дека вториот уписен рок ќе се одржи на 4 и 5 септември, додека третиот е закажан за 17 и 18 септември.

Проректорот Џидорв нагласи дека на дванаесет факултети и три уметнички академии има околу 80 активни студиски програми.

„Верувам дека секој кој ќе се запише на нашиот Универзитет ќе може да си ја препознае својата иднина на некој од факултетите и ќе може да го оствари својот сон во сферата на високото образование“, рече проф.д-р Џидров..

Тој ги повика идните студенти да се запознаат со трите рокови за запишување. Првиот е на 20,21 и 22 август, вториот на 4 и 5 септември, додека третиот уписен рок 17 и 18 септември. Во првиот уписен рок ќе има многу поволности за нив. Како минатата година и оваа година има ослободување од плаќање партиципација на поголем дел студенти.

***Голем дел од програмите поминаа низ нови реакредитации или нови акредитации, но посебно напорот да се споиме во универзитетската алијанса отвори една целосна нова перспектива за сегашните, но и за идните студенти. Сигурен сум дека ќе имаат можност тука да добијат европско образование, односно образование со европски квалитет, вели ректорот Мираковски.***

„Сите детали за уписите и можностите за кофинансирање се објавени во конкурсот на Универзитетот“, рече проректорот и им порача на идните студенти да се запишат на УГД уште во првиот уписен рок.



Проф.д-р Дејан Мираковски, ректор на Универзитетот во Штип, укажа дека оваа високообразовна институција продолжува со напорите за модернизација на студиските програми. Тој посебно нагласие дека новите промени ќе донесат европски квалитет во образованието што ќе го добијат студентите.

„Официјално го објавуваме конкурсот за новата учебна година. Универзитетот направи напори да ги модернизира програмите. Голем дел од програмите поминаа низ нови реакредитации или нови акредитации, но посебно напорот да се споиме во универзитетските Алијанси отвори една целосна нова перспектива за сегашните, но и за идните студенти. Сигурен сум дека ќе имаат можност тука да добијат европско образование, односно образование со европски квалитет. Од оваа година Универзитетот нуди едно повисоко квалитативно ниво на образование, кое што ќе им биде од корист за сите кои студираат на нашиот Универзитет“ посочи ректорот Мираковски.

На Универзитетот во Штип велат дека постои евидентен интерес на странски студенти за студирање на „Гоце Делчев“, кои ќе имаат и студиски програми на англиски јазик на Медицинскиот, Економскиот, Правниот, како и на Факултетот за информатика.

„Продолжуваме да инвестираме во иднината на УГД, а со тоа и во иднината на нашите студенти. Универзитетот „Гоце Делчев“ нуди квалитетно образование но и можност за меѓународна мобилност и напредок во европски рамки. Првиот уписен рок е можност што студентите не би требало да ја пропуштат, со оглед на новите академски можности што ги нуди овој универзитет“, рече ректорот Мираковски.

# „Д Фестивал“ најголемиот културолошки настан во поновата историја на Штип



**Пишува: Милорад Ангелов**

Од 4 до 6 јули во Штип се одржа 15-то јубилејно издание на „Д Фестивал“ (The Festival). По 14 години на брегот на Дојран, фестивалот за прв пат се пресели во Штип – под Исарот и покрај реката Брегалница, нудејќи нова динамика и урбана атмосфера.
Градски стадион, организацијата на помошниот терен обезбеди поголема удобност, логистичка функционалност и ново фестивалско искуство на две сцени (Main и Mosquito Stage). Присутните можеа бесплатно да влезат, но преку купување хуманитарен билет од 1.500 денари поддршка за “Support Кочани” беа охрабрени да донираат за семејствата погодени од трагедијата. Културата е моќна платформа за обединување, а ова издание беше фантастичен пример на тоа.

Програмата беше богата со над 40 бендови, DJ-и артисти како од домашната така и од странската сцена. Главна сцена (Main Stage): настапија Битолски Камерен Оркестар заедно со Драган Мијлковски,Buč Kesidi, Архангел, Prljavo Kazaliste, Кирил Џајковски ft. TK Wonder & Rootsman I, Мизар, Фолтин, S.A.R.S ,Flooder Дина Јашари и големите странски имиња The Sisters of Mercy (UK), Inner Circle (Јамајка), Soulfly, Tommy Cash (Естонија). Mosquito stage: DJ Mana,Kem, Паркети,Љубојна,Пијан славеј,D.J.K. Gwass, Последен удар,Peach Vice,Donplaya Prnicess Donatsu, Moira,Nikartic,Zee Matej Foltz,Dope Kukjata.

Следната година предизвикот ќе биде: да се унапредат логистичките процеси, да се одржи интересот и да се задржи балансираноста помеѓу публиката и локалниот дух.

Пасворд продкуција и општина Штип заедно со техничкиот тим се погрижија сѐ да функционира беспрекорно – од озвучувањето и светлосните ефекти, до организацијата на безбедноста и логистиката за посетителите. Присуството на млади волонтери, еко-пунктови ја направија понудата уште подобра. Организациски, фестивалот функционираше на високо ниво. Обезбедување, медицински екипи, тоалети, инфо-пунктови – сѐ беше навремено поставено и достапно. ЈП Исар Штип перфектни се грижеше за чистотата за време на целиот фестивал. Волонтерите беа ангажирани, а присуството на рециклирачки канти и зелени пораки покажа дека и еколошката свест добива простор на вакви настани.

Со моќен старт и одлична организација, годинашното издание на Д Фестивал ветува уште многу музички и културни изненадувања. Очекувањата се големи, а публиката – повеќе од подготвена. Со завршните настапи и последниот аплауз под ѕвезденото небо, Д Фестивал 2025 ја спушти својата завеса – оставајќи зад себе три дена полни со музика, емоции, култура и младешка енергија која долго ќе се памети.

Штип блесна како фестивалски центар на Македонија, обединувајќи илјадници посетители од земјата и регионот. Тридневната програма понуди разновиден музички спектар – од рок, алтернативен поп и хип-хоп, до електронска музика и диџеј сетови. Со ваква динамика и автентична енергија, Д Фестивал 2025 не само што ги исполни очекувањата, туку и ги надмина. Следната година ќе треба да се надмине уште повисоко и да имаме уште подобро издание. Д Фестивал уште еднаш покажа дека еден град може да стане центар на регионалната сцена, ако има идеја, ентузијазам и љубов кон музиката, кон културата.

Д фестивал и посебно THE SISTERS OF MERSY дефинитиво за мене е најголем културен настан во поновата историја на Штип. Култролшоки настан кој високо го позицинира нашиот град на мапата на културни градови во Европа.

Најубавото нешто на фестивалот е “Хуманитарниот Д билет” За настраданите од Кочани кој уште еднаш покажува дека уметноста нема граница. “Заедно да бидеме причина за надеж” е можеби најубавото лого кое некогаш го имам прочитано и кое ќе остави траен белег и вечна мотивација на нашиот град. Овде ќе цитирам една реплика од нашата последна претстава “Сите прекрасни нешта” на театар Штип. “За да живееме во сегашноста, мораме да изимислиме иднина која е подобра од минатото”

***После се што ни се случи ние мораме да работиме на културното воздигнување на овој народ, држава и сигурен сум дека таа е значен сегмент во закрепнувањето на секоја болка, секое чувство. Културата е огледало на душата на едно општество. Таа не е само украс, туку суштина. Таа е јазикот на вредностите, меморијата на народот и моторот на иднината.***

После се што ни се случи ние мораме да работиме на културното воздигнување на овој народ, држава и сигурен сум дека таа е значен сегмент во закрепнувањето на секоја болка, секое чувство. Културата е огледало на душата на едно општество. Таа не е само украс, туку суштина. Таа е јазикот на вредностите, меморијата на народот и моторот на иднината. Ако сакаме поубав, праведен и солидарен живот – мора да ја негуваме културата, затоа што преку неа учиме како да бидеме луѓе. Не само за себе, туку и за другите. Урбаната култура денес е и глобален феномен, но секој град ѝ дава свој печат. Урбаната култура е гласот на младите, на оние кои не прифаќаат да бидат тивки.Таа се раѓа на улица, се изразува преку битот на хип-хопот, во танцот на плочникот, во бојата на секој графит. Таа не е украс – таа е реакција.

Во крајна линија, културата е она што нѐ прави луѓе. Таа не е минато, туку сегашност што ја обликува иднината. Ако сакаме подобро општество, мораме да го негуваме културниот дух – не само преку настани и фестивали, туку и преку секојдневниот живот, преку почит, разбирање и љубов кон она што сме.

Зашто без култура, општеството не живее – туку само постои.





*Илјадна публика од сите страни*

*Soulflu*





*Распеана и разиграна младост*




*Сите убавини на едно место*



*Ристо Вртев, Архангел*






*Група Паркети*

*Музика, забава, љубов*


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
ВИТАМИНКА
СТОБИ ФЛИПС
СО КИКИРИТКИ
WITH PEANUTS
℮ 40g
БЕЗ КОНЗЕРВАНСИ NO PRESERVATIVES ADDED
БЕЗ ВЕШТАЧКИ БОИ NO ARTIFICIAL COLOURINGS


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

# Рената од Виница: Кога хуманоста ќе стане начин на живот



Рената Николовска, дипломиран економист од Виница, е најпознатата хуманитарка во источниот регион. Оваа инспиративна жена го предводи хуманитарното здружение „Умиление“ кое им помага на сиромашните, бездомните, лицата со посебни потреби. Новинарите од Источниот плански региона ја препознаа хуманитарна работа на „Умиление“ поради што му го доделија признанието за најхуманитарна организација за 2024 година во Источниот регион.

- Умиление постои од Јануари 2021 година, иако претходно јас лично функционирав преку друго здружение со друго име од 2018 година или вкупно скоро 8 години. Со Умиление активностите постојано растеа, а постојано се зголемуваше и бројот на донатори и семејства на кои им треба помош. Имеме ние хумани луѓе, вели големата хуманитарка и додава дека Здружението е отворено за секој кој сака да се вклучи во неговите активности.




Рената укажува дека повеќе пати има кажано дека Виница е многу хуман град, како што е случајот со крводарителството во кое Виница, благодарение на активноста на Општинската организација на Црвениот крст со години е општина број еден во крводарувањето во Македонија.

-Ние немаше да успееме без нашите посветени донатори кои постојано одвојуваат од својот приход и го делат со сиромашните. Тие речиси секој месец купуваат храна и средства за хигиена на што ние постојано апелираме како главна цел. Но ние не ги забораваме ниту останатите донатори од Кочани, Штип, Злетово, Скопје, Струга, а секако и нашите иселеници од целиот регион, кои ја поддржуваат нашата хумана мисија и со тоа овозможуваат да им помогнеме на поголем број лица кои се во социјален ризик, вели Николовска која е дипломиран економист и работи во Основно училиште, но сето свое слободно време го посветува на хуманитарната работа. Прехрамбени и хигиенски пакети „Умиление“ месечно доставува до осумдесеттина семејства во Виница Кочани, Македонска Каменица Злетово Пробиштип, но не така ретко помош испраќаат и во други градови.

- За нови семејства постојано дознаваме на различни начини обично како сугестија од некои донатори или наши сограѓани и од пошироко, понекогаш до- колку некој застане на свои нозе го исклучуваме од програмата но обично повеќето се болни лица, лица со застој во развојот,самохрани родители, многудетни семејства и навистина на сите им е потреба помош, коментира Рената и додава дека „Умиление“ почесто се ангажира и на преговори околу вра- ботување на невработени лица кои имаат социјални проблеми, на средување документи...

***Прехранбени и хигиенски пакети „Умиление“ месечно доставува до осумдесеттина семејства во Виница Кочани, Македонска Каменица Злетово Пробиштип, но не така ретко помош испраќаат и во други градови.Освен тоа на некои семејства им реновираат домови, ги снабдуваат со мебел...***

-За мене секоја приказна е посебна и секојдневно сочувствувам со нивните маки и сиромаштијата па гледаме барем малку да им го олесниме секојдневието . Напоменувам, бидејќи се работи за голем број на семејства ,ние не сме во можност да им ги покриеме сите месечни потреби на сите,туку ова е еден вид поткрепа од наша страна. Освен тоа на некои семејства им реновиравме домови носиме мебел и бројни други активности. Освен месечни пакети ние имаме постојано и готово порции од наши ресторани кои ги носиме исклучиво кај болни лица, вели хуманитарката Рената.

„Умиление“ има донатори од сите категории, како функционери така и обични луѓе со просечни примања но, сите тие одлучиле дел од својот приход да го поделат и со некој што има помалку од нив. Скоро сите фирми , ресторани, колеги на Рената, а и останати поединци барем еднаш се вклучиле во било каква активност на „Умиление“, се вклучуваат постојано нови до- натори, а исто така и нови семејства кои се наоѓаат во социјален ризик . За сега производите до семејствата ги доставуваме со автомобил, поддржани сме и од општина Виница која мене ми го има доделено признанието „Заслужен граѓанин на Општина Виница“, вели Рената. Таа посебна благодарност упатува до семејството Илиеви од Виница кое бесплатно им отстапило огромен простор за нивните потреби.



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# Желби и показалци

Бев дете кога дел од летната ваканција ми минуваше на гости кај нана Вера во Ниш. По завршувањето на школскиот распуст, во првиот месец од школската година, писмените вежби по предметот мајчин јазик ни беа на тема – „Како го поминав летниот распуст". Сите во одделението знаеја дека ќе пишувам за она што сум го доживеал на гости кај нана Вера во Ниш.

⅄ ⅄ ⅄ ⅄

Летото по завршувањето на седмотто одделение кај нана Вера во Ниш ја запознав Боса. Возрасна жена, работничка во текстилната фабрика „Ратко Павловиќ". Живееше со синот веќе тинејџер. Боса беше потстанар во куќата на нана Вера.

Која е Боса, односно каква е нејзината обдареност слушнав од жените на кои нана Вера им шиеше фустани, здолништа и што ли не. Додека нана Вера им земаше мерка тие прашуваа за Боса. Бараа да им закаже средба, всушност, да им организира пиење кафе во нејзино друштво.

Слушнале кутрите дека Боса гледа на кафе и гореа од желба да ја видат надвисната над нивните филџани со кафе.

⅄ ⅄ ⅄ ⅄

Верувањето во исцртаните фигури на страните од филџанот што се јавуваа по испивањето на кафето и удирањето желба со показалецот во талогот од дното на филџанот како можност да си ја видиш иднината, беше во полн ек.

⅄ ⅄ ⅄ ⅄

На ден-два пред да заврши гостувањето во Ниш допатува мама. Во Ниш доаѓавме со фиќото што го возеше синот на нана Вера, вујко Михајло. Назад се враќавме со воз во придружба на мама.

Од разговорот помеѓу нана Вера и мама кој повеќе личеше на шушукање разбрав дека нана Вера ја нагонува мама да се сретне со Боса. Всушност да испие едно турско кафе во друштво со гледарицата. Мама прифати неволно.

На враќање кон Штип, во купето од возот мама ми рече: „Боса виде клуч во мојот филџан. Кога го боцнав показалецот во талогот од дното на филџанот, во отпечатокот Боса виде чист простор. Тоа значи дека желбата ќе ми се оствари." Не ја прашав каква и била желбата.

Таа година го добивме клучот од станот што го чекавме со години.



⅄ ⅄ ⅄ ⅄

По само неколку месеци не очекуваат локалните избори. Народот повторно е ставен во искушение. Кога Боса потстанарката на нана Вера би била жива и би била овде, сигурно би посакал да испијам едно турско (веќе домашно) кафе со неа. Би му ја препорачал и на Маск по кавгата со Трамп и по желбата да формира нова партија во САД.

Боса ја нема, Маск ќе мора самиот да си ја претскаже иднината како што и мојот народ кој сакалнејќел, ќе мора да се откаже од странското-еспресото кое не остава по испивањето фигури по страните на филџанот ниту пак талог на дното. Ќе мора кутриот мој народ да поверува во своето-домашното. Во она што му ги потикнува желбите и му ја јакне вербата .

***П.С. А ако некој народ има желби на претек, тоа е мојот народ. Има желби, има талог на дното, ама ми се чини дека му недостасуваат показалци.***



# Измени на закон за средно, што значи ова за државната матура?

**Пишува:**
**Роберт Аџипетров**

Завршувањето на средното образование е поврзано со полагање на државна или училишна матура утврдено во Член 33, 35 и 38 од Законот за средно образование каде воглавно стои: „*Учениците кои ја завршиле последната година во средно образование полагаат државна матура или училишна матура според утврдени програми.*“ Учениците кои се одлучуваат да го продолжат образованието, односно да се запишат на некој факултет се одлучуваат за државна матура, додека пак за останатите за оформување на средното образование доволна е и училишната матура.

Законот за средно образование претрпе измени, а една од поголемите е токму во овој дел каде во членот 37 во новото законско решение гласи: „*Видови испити за завршување на средно образование се: државна матура, државна стручна матура, државна уметничка матура, училишна гимназиска матура, училишна стручна матура, училишна уметничка матура, завршен испит или меѓународна матура.*“ Евидентна е разликата помеѓу формата и содржината на новото и старото законско решение пред и по измената, но клучни се две прашања и тоа како прво што ова значи за идните генерации средношколци и второ од кога ова решение ќе се применува?

Одговорот на првото прашање може да се види во членот 38 од истиот закон каде што е утврдено дека учениците од гимназиското образование полагаат државна матура и/или училишна гимназиска матура. Учениците од Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма) полагаат меѓународна матура и/или државна матура. Учениците од стручното образование со четиригодишно траење полагаат државна матура и/или државна стручна матура и/или училишна стручна матура. Учениците од средното уметничко образование полагаат државна матура и/или државна уметничка матура и/или училишна уметничка матура.
Концепцијата за испити ја изработува Државниот испитен центар, но она што е речиси сигурно дека ќе постои значајна разлика помеѓу овие различни форми на испити, а државната матура ќе го има приматот кога станува збор за изборот кој го нуди, но затоа и ќе биде поразличен тест од државната стручна или уметничка матура пред се поглед на „тежина“, односно истата воглавно ќе се базира на гимназиското образование.
Учениците кои **положиле државна <u>стручна</u> матура** за запишување во високото образование можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа, **но само на соодветна студиска програма**. Учениците **кои положиле државна <u>уметничка</u> матура** за запишување во високото образование, можат исто така да го продолжат своето образование **исклучиво на соодветна студиска програма**.

Во превод ова значи дека учениците од гимназиското образование кои сакаат да го продолжат своето образование на високо образование, полагаат државна матура односно тест изработен според програмите во гимназиско образование за потоа да имаат широк спектар за избор во поглед на продолжување на образованието. За разлика, учениците од стручното образование со IV ниво од МРК и од уметничкото образование кои сакаат да го продолжат своето образование на друг вид студиска програма на високо образование, различно од средното образование кое го завршиле, мораат исто така полагаат државна матура, тест кој е поразличен од она што го изучувале во текот на образованието.

Одговорот на второт прашање е дека овие измени важат веќе од следната година. Одговор доволно краток за да ни даде до знаење дека идните матуранти ќе имаат на прв поглед поширок спектар можни испити, кој парадоксално ќе значи потесен избор за продолжување во високо образование. Од оваа причина истите ќе мораат да посветат посебно внимание, а оваа измена исто ќе влијае и на изборот кој ќе го направат идните средношколци оваа година, затоа што истите треба и мораат да знаат дека промените понатаму ќе бидат потешки за реализација.

**(Авторот е директор**
**на Педагошка служба**
**при Министерство**
**за образование и наука)**

# Два нови романи на д-р Даница Фичорска

Познатата докторка во пензија Даница Фичорска, специјалист физијатер, на штипската и македонска културна сцена се етаблира како една од најплодните писателки последнава деценија. До денес таа има напишано и издадено петнаесет книги од кои најголем дел (десет) се романи, четири се стручни книги од нејзината специјалност, а една е поезија. Од Фичорска поголема продукција со над 50 книги за деца, романи, драми, есеи, поезија во Штип има само писателот м-р Трајче Кацаров.



-Првата книга ми беше поезија со наслов „Чај од водолија“ која ја објавив во 2015 година, а две години подоцна од печат ми излезе романот „Приказна за старата дама“ (страта дама е Физикална терапија). Од тогаш слободното време го користам да пишувам, да творам и таа страст ме обзема последните десет години кога го живеам пензионерскиот живот, вели Фичорска.

Во рецензијата за романот „Планински акварел“ кој на читателската публика и беше претставен минатата година, а за кој настан медиумите не известија, стои:







„Романот на Даница Фичорска со наслов Планински акварел е динамична нарација чии настани се одвиваат како на филмска лента. Имено, дејствието се случува на фонот на социјалните односи во една болница, односно во едно медицинско окружување низ кое се проткајува љубовната приказна меѓу неврохирург и невропсихијатарка чии животни патеки сосема случајно се вкрстуваат во еден планински предел. Но текот на настаните ќе докаже дека ништо не е случајно и дека љубовта, особено ако е вистинска, мора да се соочи со различни препреки и предизвици за да доживее целосно остварување“.

Најновиот роман на Фичорска „Кога цутат црешите“ е објавен во текот на оваа 2015 година.

***ДАНИЦА: Првата книга ми беше поезија со наслов „Чај од водолија“ која ја објавив во 2015 година, а две години подоцна од печат ми излезе романот „Приказна за старата дама“ (страта дама е Физикална терапија). Од тогаш слободното време го користам да пишувам, да творам и таа страст ме обзема последните десет години кога го живеам пензионерскиот живот, вели Фичорска.***

„Романот Цутот на церешите е мотивиран од настани од животот и раскажува приказна која сеуште трае. Цутот на црешите е своевиден омаж на ранливоста на грешките од младоста фатени во замката на нормите наметнати од малограѓанските убедувања како и гордоста и беспоговорноста на решеноста на Невенка да ја истера сопствената правда по секоја цена. Се чини дека молитвата „Господе, прости ми“ е празна флоскула се додека и самите не научиме да простуваме зашто гневот заробен во нашите лични суети е и нашиот најгорчлив отров“, е напишано во рецензијата на најновиот роман на д-р Фичорска.

Овие како и сите други романи на д-р Фичорска можат да се купат по сосема пристапни цени во Кафекнижарница АРТ која се наоѓа на ул. „Кеј Маршал Тито“ бр. 16 веднаш до старото кино Култура во Штип. Телефонот на книжарницата е 032/ 383 393.

# Идентитетот на "малиот човек" во општеството

***( ,,Да ви кажам", Текст: Т. Кацаров – актер: Оле Поцкова)***

Во рамките на Штипско културно лето во Домот на млади во Штип се одигра монодрамата „Да ви кажам" — авторски проект на Трајче Кацаров. Оле Поцкова ја толкува улогата на Весела Бојкот, лик инспириран од секојдневната женска реалност и социјалните предизвици што ги носи современиот македонски живот.




Весела Бојкот е димензионирана како огледало на секоја жена — силна, бунтовна, но и подложна на традиционалните очекувања. Таа истовремено носи женственост и отпор на социјалната покорност. Весела не се плаши да го каже она што го мисли – и тоа јасно, гласно и хумористично, без оглед дали ќе се допадне или некој ќе се навреди. И тука беше убавината во проодноста во она што е најтешко во театар да стигнеш до патот во кој ќе бидеш едноставен ненаметлив а сепак доволно моќен да можеш да зборуваш.

Според мое размилување клучот на современиот театар е токму овде. Оле Поцкова, позната од телевизиската хумористична серија „Зевзекманија", ја пренесува својата природна духовитост на сцената и успева да го задржи вниманието на публиката целосно со својот лик и интерпретацијата на текстот. Темата за која зборуваше Весела е бојкотот, активност за која не знаеш дали е смешна или тажна. Кај нас, бојкотот се третира како културен праксис. Некој оди на театар – ние бојкотираме. Ако има нешто што може да се направи, Македонецот сигурно ќе најде начин да не го направи – и ќе го нарече „бојкот".

Во суштина, бојкотот е дел од нашата народна мудрост. Наместо да решиме проблем – ние го бојкотираме. И ако не успее бојкотот – велиме дека вината не е наша. Според Весела бојкотот не е само одбивање – тоа е начин на живот. Со шолја кафе во рацете, поглед во далечината и зборовите: „Јас тоа одамна го бојкотирам", Македонецот гордо чекори во уште еден ден исполнет со пасивна револуција. Весела во својата изведба ги осветлува апсурдите на секојдневието, ни овозможува да се препознаеме себеси во ликот, и – најважно – ни нуди катарза преку смеа.

,,Да ви кажам,, е доказ дека театарот, дури и кога е „еден на сцена", може да создаде дијалог со цела публика – и тоа со хумор како мост. Весела Бојкот не само што нѐ насмеа, туку нѐ натера да се замислиме… а тоа е највисоката цел на секоја уметничка изведба.

**М. Анѓелов**

# Драгана Ефтимовска има цел да стане светски првак





Има 17 години, а покрај тоа што е одлична ученичка во нашата Гимназија Драгана Ефтимовска е и ретка припадничка на штипското и македонско семејство. Велиме ретка бидејќи таа е активна и успешна во два спорта – катрате и теквондо, што навистина е голема реткост не само кај нас во Македонија руку и пошироко во светот.

-Каратето е дел од мојот живот уште од мојата седма година, а тековондото ме привлече пред една година. За мене спортот е начин на живот, нешто што ме прави среќна. Имав среќа за тренери да ги имам браќата Сашко и Жарко од познатото спортско семејство Арсови кои на неверојатен начин ни го пренесуваат своето огромно знаење во рамките на КК Штип. Со нив како тренери успехот е загарантиран зашто тие знаат да те мотивираат за успеси, вели Ефтимовска.

Драгана укажува дека имаат супер услови за тренинг.

-Во каратето имам учествувано на многу натпревари, а оваа година бев на три. Еден од нив е светската младинска лига во Пореч каде што го освоив петтото место. Мојата цел е да станам европски или светски првак. До крајот на годината не очекува државно првенство со кое ќе се избира кој ке оди на европско првенство. Исто така во октомври ќе настапуваме на G1 турнир по таеквондо во Албанија, а во декември има и светска карате младинска лига во Венеција на која планираме да учествуваме. Ќе дадам се од себе на мојот клуб и на мојот Штип да им донесам големи резултати, посочува Драгана.

Таа е одлична ученичка и вели дека спортот и помага да биде подобра како човек, како ученичка и да верува во себе во се она кое го учи и го работи.

СПОРТ

# Женската ракометна екипа „Астибо" се екипира за елитната лига

Ракометната федерација на Македонија (РФМ) деновиве одреди осум најдобри екипи од минатата сезона кои ќе играат во Суперлигата и сите останати кои ќе бидат дел од Првата лига. Штипски Астибо започна е во елитната лига и започна да се екипира за елитната категорија во сезоната 2025/2026 година.



*Марија Анчева*



*ЖРК Астибо*

За штипската ракометна женска екипа Астибо приоритетно во новата сезонабеше да ја задржа искусната Марија Анчева и во тоа се успеа. Таа останува верна на ЖРК Астибо па и во новата сезона ќе настапува за клубот од градот под Исарот. Анчева е искусна ракометарка која повеќе сезони по ред е најдобар стрелец без конкуренција во лигата и постојано ги полни мрежите на противничките.

Минатата сезона Астибо првпат се пласира во плеј-офот. Во својата кариера Анчева покрај за Астибо настапуваше уште за Гевгелија, Кожувчанка, Овче Поле СУ и ЖРК Пелистер.

Од Астибо летово си заминаа Елена Вучевска, Наталија Манева и Анастасија Сентовска.

Одлучиле Мујо и Фата да се убијат/
Тежок им станал животот.
-Фато, јас ќе се фрлам по тенк-рекол Мујо.
-Добро Мујо ти направи така, јасе ќе ја почекам пешадијата, возвратила Фата.

---

Жената го прашува мажот:
-Да не сме маж и жена, дали пак би ме побарал.
-Жено, не барај пак кавга, рекол мажот.

---

Цел месец мавам по мувите со онаа тапалка за муви.
Мислам, да ми излезе Ѓоковиќ на мегдан ќе го победам во три сета!

---

Во Русија во 17 век јавното банкување на паровите се казнувало со смрт.
Подоцна мерката била ублажена, парот кој бил фатен на дело морал да се венча.
Смртната казан била намалена на доживотна!

---

Полицаец сопира возач кој на увото држи мобилен телефон.
-300 евра затоа што зборуваш на мобилен додека возиш, рекол полицаецот.
-Фала ти, ќе платам 500 евра, ме спаси човече...

---

-Како бе те спасив, прашал полицецот?
Па така, јас само го држам телефонот на уво,
а женами е таа која со саати ми зборува...

---

Момче и девојка седат во парк на клупа па во еден момент девојката го прашува момчето:
-Мил мој, на што мислиш во моментот?
-На тоа на што мислиш и ти, рекло момчето.
Тогаш девојката му удрила шамар и  му рекла:
„Срам да тие, безобразен еден“!






# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Оставете го минатото да си почива во мир.
Ако постојано се бавите со него
тогаш засекогаш сте ја загубиле иднината.**

**Светот е во голема криза со лидери.
Војни, пустоши, убиства, насилие на сите страни.
Едно пијанство од нечовечност.
Па ајде биди среќен во вакви околности.**

**Да се биде објективен секогаш
и во секоја прилика е невозможна работа.
Во животот најнеобјективни се токму оние
кои постојано ја истакнуваат својата објективност.**

**Каков парадокс:
Се повеќе доктори на науќи
и се повеќе болно општество!**

**Медиумите во Македонија
се како современото сликарство:
Секој ден гледаш, слушаш
и ништо не ти е јасно!**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | | 4 | | | | | |
| | | 7 | | | 6 | | | 1 |
| | | | | 8 | 5 | | | |
| | 8 | | 5 | 2 | | | 4 | |
| | | 6 | 9 | | | | | 7 |
| | 2 | | | | | | | |
| | | | | | | | 6 | |
| 1 | | | 8 | | | 5 | | |
| 6 | | 9 | | 1 | | | | 8 |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.06.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | Итал. фудбалер | Словенечка пејачка | Египет. владетел | Пражител на Италија | Золтан Илин | ***Амер. артист. (фотос)*** | Метар |
| | | | | | | Ирски фашизам | | | | | | | |
| | | | | | | Апсолутен суперлатив | | | | | | | Карактер (разгов.) |
| | | | | | | Земја оставена за пасиште | | | | | Коњ / Жител на САД | | |
| | | | | | | Вид стилска фигура | | | | | | | |
| | | | | | | Технич. нокаут (скр) | | | | Митолош. англиска кралица / Чарлс Олсон | | | |
| | | | | | | Северно американски сточари | | | | | | | |
| Ш.Г. | Франц. режисер Луј | Старогрчки бог на темнината | Ш.Г. | Херман Унгер | Модел на Даеву | Иво Патиера / Согласка | | | Револуц. Чопела / Дијагноза | | | | |
| Мејн | | | Вид дрога / Индонез. остров | | | | | | | Памучно предиво / Азот | | | |
| Лак (лат.) | | | | | | Сат. на Јупитер / Стар словен | | | | | | | Вид инсект |
| Нулта брзина кај возилата | | | | Вид горн. облека / Дата | | | | | | Стар човек (раз.) / Одбрано друштво | | | |
| Ш.Г. | Град во Германија / Еден од римските ридови | | | | | | | | | | | Согласка / Наредба заповед (мн.) | |
| Келвин | | Екс амер претсед. Џими / Приќе (мн.) | | | | | | | Жената на Тиндареј / Вид пита | | | | |
| Итал. политич. Џулијано | | | | | | Рескир (мн.) / Трагедија од Еврипид | | | | | | | Орган во устата |
| Револуц. Гули | | | | | Извештај за работа / Алуминиум | | | | | | Две согласки / Живеалиште | | |
| Килимар | | | | | | | | Хрв. арт. Свен / Град во Судан | | | | | |
| Грчка буква | | | | Еден од Битлсите Џон / Река во Австрија | | | | | | Град и река во Русија / Коле Ангеловски | | | |
| Земја од приказните | | | Сврзник / Грам | | Соли на сицилиувотата киселина / Самогласка | | | | | | | | |
| Вид камен јаглен | | | | | | | Сад од една ока | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA